РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-515/1
21-01-2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 од Одлуката за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи и определување на локации за нивно поставување на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје бр.09-4383/12 од 17.05.2024 година („Службен гласник на Општина Кисела Вода - Скопје" бр.7/2024), Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје

**1. Предмет**

1.1. Предмет на јавниот повик е утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје.

1.2. Подвижните објекти, подвижните апарати и другите направи ќе се поставуваат на 15 локации на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје.

1.3. Локациите од потточката 1.2 се утврдени во графичкиот приказ кој е составен дел на овој јавен повик.

1.4. Под подвижни објекти, подвижни апарати и други направи се подразбираат објекти на сопствен погон или направи кои немаат сопствен погон на движење, односно претставуваат специјализирани возила за улична продажба со должина до 4 метри и висина до 3 метри, во кои можат да се даваат конфекционирани угостителски услуги кои немаат негативни еколошки влијанија врз околината (користат агрегат за напојување со струја со ниска бучавост кој е високо квалитетен, немаат индустриски агрегат и поседуваат сертификат за ниска емисија на штетни гасови), доколку ги исполнуваат минимално-техничките услови, како и други услови пропишани со закон.

1.5. Максималната површина која може да ја зафаќа подвижниот објект, подвижниот апарат и друга направа е 16м². Во максималната површина на локацијата треба да се опфатени подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа, манипулативен простор, урбана опрема во функција на користењето на локацијата – корпа за отпадоци.

1.6. Подвижните објекти, подвижните апарати и другите направи, поставени на определена локација, може да се користат за конфекционирани угостителски услуги – продажба на јадења приготвени во конфекционирана состојба (претходно подготвени во деловната просторија и спакувани), за безалкохолни пијалаци, напивки, за сладолед, пијалоци, кондиторски производи, подготвување на пуканки, шеќерна волна, крофни, палачинки и слични производи.

1.7. Подвижните објекти, подвижни апарати и други направи не треба да содржат озвучување или аудио системи за пуштање музика.

1.8. На урбаната опрема од потточка 1.6 на јавниот повик може да се поставуваат

рекламни натписи не поголеми од димензиите на предниот дел на објектот на кој се поставуваат и нивната димензија (висина и широчина) е составен дел на вкупната димензија на објектот.

1.9. На локациите од потточката 1.2 од јавниот повик може да се поставуваат подвижни објекти, подвижни апарати и други направи кои имаат дизајн и изглед кој не го нарушува амбиентот на околината каде се поставени.

**2. Временска рамка за користење на локациите**

2.1. Локациите на кои е поставена урбаната опрема - подвижните објекти, подвижните апарати и други направи се даваат на користење до 31.12.2025 година.

**3. Услови и постапка**

3.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите правни и физички лица со регистрирана дејност заинтересирани за користење на локациите од потточката 1.2 од јавниот повик.

3.2. Барателот треба да има регистрирано дејност во Централен регистар на Република Северна Македонија.

3.3. Кон барањето за користење на локацијата за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи, Барателот е должен да ја достави следната документација:

- Барање за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи (формулар бр.1 во прилог на јавниот повик);
- Доказ за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда/Пријава за исполнување на минимално - технички услови за вршење дејност согласно Законот за угостителската дејност;
- Скица со искотирани димензии (должина, ширина, висина) во кои се опфатени подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа, агрегатот, манипулативниот простор, како и урбаната опрема во функција на користењето на локацијата – корпа за отпадоци и сл.;
- Текстуален опис на подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа (типот на објектот, погонот на кој се движи, типот на агрегатот со кој ќе се напојува, изгледот кој не го нарушува амбиентот на околината и сл.) и на дејноста која ќе се врши на локацијата;
- Фотографии од подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа (реални или од каталог);
- Уплатница во износ од 1.000,00 денари на ПП50 образец (тарифен број 93) или доказ за електронски извршена уплата преку терминал на сметка на Општина Кисела Вода;
- Изјава за плаќање на паричен износ за покривање на трошоците за уредување и одржување на јавна површина која се користи за поставување на урбаната

опрема за целиот период на важење на управниот акт (формулар бр.2 во прилог на јавниот повик).

3.4. На заинтересираните субјекти кои ги исполнуваат условите од потточка 3.3 ќе им биде одобрено користење на локација за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други подвижни направи, согласно принципот „Прв дојден - прв услужен" (заведени во ден, час, минута, секунда);
3.5. Избраниот субјект е должен да плати комунална такса согласно важечките прописи.
3.6. Рокот за поднесување на пријавите е 15 дена од денот на објавување на јавниот повик на официјалната интернет страница на Општина Кисела Вода - Скопје opstinakiselavoda.gov.mk.
3.7. Барањето (формулар бр.1), Изјавата (формулар бр.2) и графичкиот приказ на локациите може да се подигнат од Архивата на Општина Кисела Вода - Скопје во барака број 6, на ул.Петар Дељан бр.17 – Скопје или од официјалната интернет страница на Општина Кисела Вода - Скопје opstinakiselavoda.gov.mk.
3.8. Локациите се дефинирани со реден број, име на локација, координати (y,x) и се дадени во следната табела:

| РЕДЕН БРОЈ | НАЗИВ НА ЛОКАЦИЈА | КООРДИНАТА Y | КООРДИНАТА X |
|---|---|---|---|
| Локација 1 | ТРИ КРУШИ | 7543723 | 4642752 |
| Локација 2 | ПАРК БРАНИТЕЛИ | 7543430 | 4643909 |
| Локација 3 | МАЛО ПАРКЧЕ | 7542991 | 4644127 |
| Локација 4 | ПАРК ФЕНИКС | 7544639 | 4643952 |
| Локација 5 | ПАРК НЕЗАВИСНОСТ | 7540608 | 4645854 |
| Локација 6 | ПАРК ИДНИНА | 7537666 | 4647293 |
| Локација 7 | ПАРК КИСЕЛА ВОДА | 7537107 | 4647709 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Локација 8 | ПАРК КИСЕЛА ВОДА | 7537164 | 4647812 |
| Локација 9 | ПАРК КИСЕЛА ВОДА | 7537253 | 4647805 |
| Локација 10 | ПАРК 11 ОКТОМВРИ | 7538024 | 4648316 |
| Локација 11 | ПАРК ПУШКИН | 7537196 | 4648301 |
| Локација 12 | ПАРК О.К.В. | 7536986 | 4648626 |
| Локација 13 | ПАРК ШОПЕН | 7537216 | 4648667 |
| Локација 14 | ПАРК ШОПЕН | 7537230 | 4648644 |
| Локација 15 | СРЦ СЛАВИЈА | 7535931 | 4648382 |

* Координатите се приближни и се преземени од https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/, согласно националниот координатен систем на РСМ

https://www.google.com/maps/d/edit?mid=1rlfGA2s0fWudxNzGBeq2hz3Cdvi6DgY&usp=sharing

3.9. Барателот може да аплицира најмногу за 3 (три) локации од потточка 3.8. во едно барање, наведени по приоритет. (Со едно барање се аплицира за доделување на само една локација.)

3.10. Барателот може да добие дозвола за најмногу 2 (две) локации.

3.11. Дозволата може да се одземе во следните ситуации:

- доколку носителот на одобрението не поднесе документи од точка 3 потточка 3.5;
- доколку надлежните инспектори на Општина Кисела Вода - Скопје утврдат дека носителот на дозволата не ги почитува условите под кои е истата издадена;
- редовно не ја отстранува урбаната опрема на крајот на денот.

3.12. Барањето со целокупната документација од точка 3 потточка 3.3, треба да се достави преку архива на Општина Кисела Вода - Скопје, до Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина со назнака - ЈАВЕН ПОВИК (за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода – Скопје).

3.13. Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје формира Комисија за спроведување на Јавниот повик (во понатамошниот текст Комисија).

3.14. Комисијата е задолжена да ги разгледа поднесените барања и да му предложи на Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје, листа со баратели кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.

3.15. Доколку поднесените барања со придружната документација се неуредни (нечитливи) или некомплетни, Комисијата ќе ги отфрли како нецелосни и истите нема да ги разгледува, за што го известува Барателот.

3.16. Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје, врз основа на поднесениот предлог на Комисијата од потточка 3.14. ќе донесе Решение за избор на субјекти на кои ќе им се доделат локации за поставување на урбана опрема.

3.17. Учесниците на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите од спроведената постапка согласно Решението од потточка 3.16.

3.18. Општина Кисела Вода - Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:
- Не е пристигнато ниту едно барање;
- Барањата кои се пристигнати не ги исполнуваат условите утврдени во точка 3 од јавниот повик;
- Не се донесе решение за доделување на локации за поставување на урбана опрема согласно потточката 3.16 на јавниот повик.

**Секретар на Општина Кисела Вода,**
М-р Мирко Ивановски

**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Орце Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КИСЕЛА ВОДА

# БАРАЊЕ

## за издавање на одобрение за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи

### Податоци за подносителот на барањето:

| | |
|---|---|
| Име и презиме на подносителот | |
| Контакт телефон - фиксен | |
| Контакт телефон - мобилен | |
| e-mail | |
| Назив на фирмата | |
| Седиште на фирмата | |
| Даночен број – ЕДБ | |
| Жиро сметка | |
| Депонент - банка | |

### Барам да ми се издаде:

- Одобрение за поставување на подвижен објект, подвижен апарат или друга направа согласно Јавниот повик бр.___________
  - за вршење на ___________________(угостителска) дејност;
  - во периодот до 31.12.2025;
  - со подвижен објект/подвижен апарат/друга направа: ________________________.

### Преферирани локации:

- Аплицирам за користење на следната локација:
  1. Локација бр. _____ (задолжително да се пополни);
  2. Доколку таа локација е доделена, аплицирам за Локација бр. _____ (не е задолжително да се пополни);
  3. Доколку и таа локација е доделена, аплицирам за Локација бр. _____ (не е задолжително да се пополни).

**Напомена:** Со едно барање се аплицира за доделување на само ЕДНА локација.

## Во прилог на барањето доставувам:

- Доказ за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постар од 6 месеци);
- Потврда / Пријава за исполнување на минимално - технички услови за вршење дејност согласно Законот за угостителската дејност;
- Скица со искотирани димензии (должина, ширина, висина) во кои се опфатени подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа, агрегатот, манипулативниот простор, како и урбаната опрема во функција на користењето на локацијата – корпа за отпадоци и сл.;
- Текстуален опис на подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа (типот на објектот, погонот на кој се движи, типот на агрегатот со кој ќе се напојува, изгледот кој не го нарушува амбиентот на околината и сл.) и на дејноста која ќе се врши на локацијата;
- Фотографии од подвижниот објект, подвижниот апарат или друга направа;
- Уплатница од 1.000,00 денари на ПП50 образец (тарифен број 93) или доказ за електронски извршена уплата преку терминал на сметка на Општина Кисела Вода;
- Изјава за плаќање на паричен износ за покривање на трошоците за уредување и одржување на јавна површина која се користи за поставување на урбаната опрема за период до 31.12.2025 година (формулар бр.2 во прилог на јавниот повик).

## Изјава:

- Изјавувам дека сум согласен личните податоци наведени во барањето да се користат за потребите на Општина Кисела Вода - Скопје за спроведување на оваа постапка.
- Изјавувам дека сум согласен сите известувања при спроведување на оваа постапка да се вршат со испраќање на документи преку електронски средства наведени во барањето.

**Скопје,** ____________________ **Барател,** ____________________

## Напомена:

- Целокупната документација ќе се издава само на барателот или на лице со полномошно заверено на нотар.
- Административната такса за услугите на Општина Кисела Вода – Скопје се доставува заедно со дополнителната пропратна документација во архивата на Општина Кисела Вода - Скопје.

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: - Трезорска Сметка Буџет на Општина Кисела Вода – Скопје
БАНКА НА ПРИМАЧОТ: - НБРМ
СМЕТКА: - 100000000063095
ИЗНОС: - 1000,00 денари
УПЛАТНА СМЕТКА: - 840 180 03182
ПРЕТХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: - 722315 00
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: - Административна такса тарифен број 93

# ИЗЈАВА

Јас_______________________________ во својство на ________________ _______________________________ изјавувам дека сум согласен да платам комунална такса на денот на издавање на Одобрението за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи, за користење на локација бр.____________ со намена _______________________________ согласно Јавниот повик за утврдување на начинот, условите и постапката за доделување на локации за поставување на подвижни објекти, подвижни апарати и други направи на подрачјето на Општина Кисела Вода - Скопје

Изјавил:

___. ___.2025 година, Скопје _____________________